# ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА РАЗВОЈ НА “DARK” ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Доц. Д-р Татјана Димоска, Борис Тримчев**

Факултет за туризам и угостителство, Кеј Маршал Тито 95, Охрид, tanjadimoska@yahoo.com; borist@t-home.mk

**Апстракт**

Во овој труд, главниот акцент е ставен на "dark" туризмот како чин на патување и посета на места, атракции и изложби кои прикажуваат реална или реконструирана смрт, страдање или грозоморност и најпознатите дестинации за "dark" туризам во светот, со посебен осврт на дарк туристичките атракции во Република Македонија, како и односот на дарк туристичката понуда и побарувачка во Република Македонија.

*Клучни зборови:* “dark” туризам, “dark” туристички производи, Република Македонија

## Abstract

In this paper, main accent is point on the dark tourism as act of travel and visitation to sites, attractions and exhibitions which has real or recreated death, suffering or the seemingly macabre and the best-known destinations for dark tourism in the world, with special accent of the dark tourist attractions in Republic of Macedonia as well as relation between the supply and demand of the dark tourism in Republic of Macedonia.

*Key words:* dark tourism, dark tourism products, Republic of Macedonia.

## ВОВЕД

Во 1996 година, во специјалното издание на International Journal of Heritage Studies, од страна на John Lennon и Malcolm Foley, професори од Glasgow Caledonian University во Велика Британија е идентификуван еден нов вид на туризам со посебен интерес (еден алтернативен облик на туризам односно еден микро-ниче туризам), наречен "dark" (темен, црн) туризам.

Во литературата постојат многубројни синоними за поимот "dark туризам". Некои од нив се следниве: "танато" туризам, "морбиден" туризам", "туризам на црни точки", "туризам на тагата", "туризам на фатална привлечност", "туризам на катастрофи" и "конфликт" туризам.

Некои автори сметаат дека "dark" туризмот е историски феномен и неговите корени датираат уште од многу одамна. Така, тие наведуваат бројни примери на патувања уште од минатото што ги поврзуваат со почетоците на овој вид туризам, како што се: одењето на аџилак, патувањата по Via Dolorosa (патот по којшто одел Исус кога бил распнат на крст), патувања заради посета на гробниците на фараоните во Египет, посета на Колосеумот во Рим, кулата во Лондон и т.н.

Сепак, "dark" туризмот во вистинска смисла на зборот почнува да се практикува во последниве неколку децении, кога паралелно со порастот на туризмот, се појавија и нови желби од страна на дел од туристите за посета на "dark" туристичките атракции, а особено местата на "dark" настаните.

Значењето на "dark" атракциите било воведено за првпат од страна на Rojek во 1993 година, кој ја смета комерцијализацијата на гробните места како туристичка атракција, при што голем број на луѓе патуваат да ги посетат местата каде што се случила некоја ненадејна и насилна смрт. Rojek на тој начин го дефинира поимот "туризам на црни точки".[1]

---

[1] Scharpley R. and Stone P.R.: *The darker side of travel: the theory and practice of dark tourism*, Channel View Publications, 2009, p. 13

## “DARK” ТУРИЗАМ И “DARK” ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ

Во литературата не постои јасна и универзална дефиниција за овој вид туризам, така што може да се сретнат многубројни различни дефиниции застапувани од различни автори. Некои од нив се прикажани во следните редови.

Според Stone P.R., "dark" туризмот е "чин на патување и посета на места, атракции и изложби кои прикажуваат реална или реконструирана смрт, страдање или грозоморности, како главна тема."[2]

Според Seaton, "dark" туризмот е "патување во места, целосно или делумно мотивирано од желбата за вистински или симболични средби со смртта, особено, но не исклучително, со насилната смрт. "[3]

Marcel го дефинира "dark" туризмот како "посети на местата каде што се случиле трагедии или смрт на некоја значајна историска личност, кои продолжуваат да влијаат врз нашите животи ". [4]

Појавата на "dark" туризмот не е поврзана со возраста или полот на туристите како посебни демографски карактеристики, туку повеќе со нивниот социјален статус и нивното историско минато.

"Dark" туристи се луѓе кои патуваат до одредена дестинација заради следново:[5]

- бараат директна врска со некој минат настан или духовно искуство;
- роднини се на луѓето кои биле дел од еден таков настан;

---

[2] Scharpley R. and Stone P.R.: *The darker side of travel: the theory and practice of dark tourism*, Channel View Publications, 2009, p. 10

[3] Ibid., p.15

[4] *Tarlow E.P.: Dark tourism – the appeling dark side of tourism and more, p.48*

[5] *“Identifying and evaluating strategic niche market segments for which Namibia has a comparative advantages”, p.30*

- историчари кои се обидуваат да ја разберат и анализираат трагедијата што се случила;
- луѓе кои му придаваат големо значење на некој "dark" настан.

Во зависност од карактеристиките на "dark" туристичките производи, Scharpley сугерира седум "dark" понудувачи: [6]

- "Dark" забавни фабрики - овие типови на производи поседуваат висок степен на туристичка инфраструктура, создадени се наменски (целесообразно), нудат прочистени производи во однос на претставата и затоа се перцепирани како помалку автентични. "Dark" забавните фабрики се места на посета, атракции и “тури” кои имаат забавен фокус и комерцијална етика и прикажуваат реална или фиктивна смрт или некој грозоморен настан. Тие се најсветлите краеви (страни) на "dark туристичкиот спектар".

- "Dark" изложби - се однесуваат на оние изложби и места кои се поврзани со смртта, страдањето или грозоморноста, со често комеморативна, образовна и мисловна порака. Овие производи се "посериозни" за разлика од "dark" забавните фабрики и претставуваат потемна страна (агол) на "dark туристичкиот спектар ".

- "Dark" занданите - го заземаат центарот на "dark туристичкиот спектар", со комбинација на светли и темни елементи. Овие “dark" туристички производи претставуваат комбинација на забава и едукација, поседуваат релативно висок степен на комерцијалност и туристичка инфраструктура и првично не биле целно односно наменски креирани.

- "Dark" почивалишни места - се фокусираат на гробиштата или гробните обележја како потенцијални производи на "dark" туризмот. Овој тип на производи се наоѓа во центарот на "dark туристичкиот спектар” и поседува како светли, така и темни елементи.

- "Dark" светилишта - често се изградени многу блиску до местото на смртта и настануваат во многу краток временски период после тој настан (после смртта). Тие ја зафаќаат темната страна на “dark туристичкиот спектар”. Најголемиот број на “dark” светилишта

[6] Stone R.P: *A dark tourism spectrum: Towards a typology of death and macabre related tourist sites, attractions and exhibitions*, Vol.54, No.2/2006, p.153

претставуваат ненамерна, нецелесообразна, туку случајна понуда за туризмот и поседуваат многу малку туристичка инфраструктура.

- “Dark” места на воени конфликти - се оние активности, места или дестинации кои се поврзани со војување и воени настани. Тие во суштина имаат образовен, комеморативен и историско-центричен фокус и претставуваат ненамерна односно случајна понуда во “dark” туристичкиот контекст.

- “Dark” логори на геноцид - претставуваат такви места кои за главна танатолошка тема го имаат геноцидот, злосторството и катастрофите и на тој начин го зафаќаат најтемниот агол (страна) на "dark туристичкиот спектар". “Dark” логорите на геноцид се морбидни во крајност и се создаваат за да обезбедат крајно емоционално искуство кај посетителите кои ги разгледуваат и анализираат тие куќи на смртта.

“Dark” туризмот претставува функција на двете страни, како на страната на побарувачката, така и на страната на понудата. Притоа, понудата на “dark” туристичките атракции може да варира од случајна до намерна, а “dark” туристичките производи може да се класифицираат како најтемни, потемни, темни, светли, посветли и најсветли.

Насекаде во светот постојат повеќе или помалку важни дестинации за развој на “dark” туризмот. Притоа, како најпознати дестинации на “dark” туризмот во светот се сметаат: музејот на Ана Франк во Амстердам; логорот Аушвиц во Полска; Граунд зеро во Њујорк; Чернобил во Украина; Перл Харбур на Хаваите; затворот во Лондон - Велика Британија; Храд Бран во Романија; Вразедна столбот во Камбоџа и Арлингтон во САД.

## ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА РАЗВОЈ НА “DARK” ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во Република Македонија постојат одредени места и атракции кои припаѓаат на “dark” туристичката понуда и претставуваат добра основа за равој на овој вид туризам. Меѓутоа, овие места и атракции никогаш досега не биле вклучени во специјално креирана понуда на ‘dark” туризмот, затоа што во Република Македонија досега не постоела и сѐуште не постои “dark” туристичка понуда и “dark” туризам, туку само понекогаш некои од овие “dark” туристички атракции случајно се

вклучуваат во веќе постоечката туристичката понуда, затоа што се интересни за туристите кои посетуваат одреден локалитет или регион.

Значи, во Република Македонија не постои специјално креирана “dark” туристичка понуда, туку таа е случајна (нецелесообразна).

Од друга страна пак, Република Македонија е интересна за туристите и тие ја посетуваат заради богатото културно-историско наследство, убавите пејсажи и чистата животна средина, езерата, бањите, бројните и убави планини со благи врвови и пристапни предели кои се погодни за планинарење и скијање во зимскиот период од годината (значи постои рурален, бањски, езерски, спортски, планински, конгресен, етно-туризам, еко-туризам и тн.), но сѐуште не постои ниту побарувачка за “dark” туризам.

Значи и понудата и побарувачката за овој вид туризам во Република Македонија се случајни и ненамерни (нецелесообразни).

Во однос на понудата на “dark” туристичките производи, во Република Македонија постојат “dark” почивалишта, “dark” светилишта и “dark” места на воени конфликти. Останатите 4 видови на понуда (“dark” забавните фабрики, “dark” изложбите, “dark” занданите и “dark” логорите на геноцид) од вупно 7-те основни видови на понуда за “dark” туризам наведени од страна на Scharpley, во Република Македонија не постојат.

Во тој контекст, како позначајни “dark” туристички производи во Република Македонија можат да се наведат следните:

- гробот на Св. Наум (средновековен научник, писател, учител и еден од основоположниците на словенската и македонската просвета) кој се наоѓа во истоимениот манастир посветен на “Св. Наум”, на брегот на Охридското езеро (кој најчесто се посетува од страна на туристите кога се организира посета на културно историските знаменитости, цркви и манастири во Охрид и Република Македонија). Она што е посебно значајно и интересно за туристите е тоа што кога ќе се наведнат над гробот во којшто е положено телото на овој светец во 910-та година, може да се слушне звук како чукање на човечко срце, па постои верување дека на оној кој ќе го слушне чукањето на срцето на Св. Наум, ќе му се исполни желбата што ја замислил во тој момент;

- гробот на Св. Климент (од 916 година) во црквата "Св. Пантелејмон" на Плаошник во Охрид, која од 10 август 2002 година е целосно возобновена и тука се вратени неговите мошти (кои претходно биле пренесени во црквата "Св. Богородица Перивлепта"). Од посебна важност е да се спомне улогата на Св. Климент во просветувањето на народот, кој на Плаошник ја започнал просветителската и книжевната дејност со отворање на Охридската книжевна школа и го развил Првиот словенски универзитет на Балканот;

- селото Водоча во Струмица, во кое после битката на планината Беласица што се одиграла помеѓу војските на македонскиот цар Самуил и византијскиот император Василиј II, на 29 јули 1014 година, во која бил поразен македонскиот цар Самуил, византијскиот император наредил да се ослепат 40 000 Самуилови војници, а на секој стотти војник да му се остави по едно око за да ги одведе ослепените војници кај македонскиот цар. Всушност според овој чин селото го добило името Водоча што претставува скратеница од зборовите "вади очи";

- гробот на македонскиот револуционер Гоце Делчев во црквата "Св. Спас" во Скопје (4 мај 1903 година). Неговите посмртни останки до 1917 година се чувале во Баница, потоа биле пренесени во Ксанти и во Софија, а на 11 октомври 1946 година се пренесени во црквата "Св. Спас" во Скопје. Туристите го посетуваат неговиот гроб исклучиво при посетата на црквата "Св. Спас", која се смета за мошне значајно културно-историско наследство на Република Македонија;

- гробот на македонскиот револуционер Христо Узунов и неговите 13 соборци во селото Цер – Кичевско (24 април 1905 година); заедничката гробница на војводата Методија Патчев и 6-те комити од неговата чета во селото Кадино – Прилепско (7 април 1902 година); гробот на Питу Гули во Крушево и местото Мечкин камен на кое се одиграла една од најголемите и најкрвавите борби од Илинденското востание на македонскиот народ против турското ропство во август 1903 година; гробовите на македонските борци и револуционери: Никола Карев кој се наоѓа во споменикот "Македониум" на Мечкин Камен – Крушево (1903 година); Даме Груев во селото Русиново - Демир Хисарско (26 декември 1906 година); Пере Тошев во црквата "Свето Благовештение" – Прилеп (4 мај 1912 година); Александар Турунџе во Битола (29 август 1905

година); Ѓорѓи Сугарев и неговите 22 соборци во селото Паралово – Битолско (1906 година);

- гробот на Григор Прличев – македонски поет, учител, просветител, кој се наоѓа во црквата "Пресвета Богородица – Перивлепта" во Охрид (6 февруари 1893 година);

- гробот на македонскиот книжевен деец, револуционер и еден од основоположниците на современата македонска литература, Коста Апостолов Солев – Рацин, на планината Лопушник – Кичевско (13 јуни 1943 година). Во негова чест од 1946 година во Велес започнува да се одржува поетската манифестација "Рацинови средби", која од 1992 година стана поетска манифестација од балканско ниво;

- француските и германските гробишта на ридот над Битола кои сведочат за жестоките борби на Источниот фронт во Првата Светска војна, каде се погребани 13 000 француски војници (најголемите француски гробишта на Балканот) и 4 000 германски војници. На 11 ноември секоја година се прави заедничка комеморација посветена на денот на потпишување на примирјето по повод завршувањето на Првата светска војна (11 ноември 1918 година), со посета од страна на претставници на државниот врв на Република Македонија, Франција и Германија. Исто така, во селото Цапари – Битолско се наоѓаат и гробови на бугарски војници кои учествувале во Првата светска војна на овој дел од фронтот кој се нарекувал Македонски односно Солунски фронт;

- селото Ваташа, каде на 16 јули 1943 година од страна на бугарската полиција, во близина на Моклиште кај месноста Чаир, на 12 км од селото Ваташа се убиени 12 млади луѓе. Во спомен на овие жртви изградена е спомен костурница, а на местото каде што се стрелани, подигнат е спомен парк со површина од 7 hа каде се посадени 12 јаворови дрвја;

- воените конфликти од најновата историја на Република Македонија, кои настанаа во 2001 година, при што посебно се издвојува масакрот врз 8 војници припадници на безбедносните сили на Република Македонија на 28 април 2001 година кој се случил на патот помеѓу селата Селце и Вејце во Тетово, при што телата на убиените биле дополнително масакрирани после смртта;

- гробот на поранешниот македонски претседател Борис Трајковски во Скопје, кој го загуби животот во авионска несреќа за време на неговиот претседателски ангажман (26 февруари 2004 година);

- гробот на Тодор (Тоше) Проески во Крушево (една од најпознатите балкански музички ѕвезди, кој го загуби животот на 27 годишна возраст во сообраќајна несреќа на 16 октомври 2007 година) кој е посетуван од многубројни негови обожаватели од целиот Балкан во текот на целата година. На 25 април 2011 година отворена е и негова спомен куќа во Крушево, објект со површина од 870 $m^2$ во форма на крст, во кој хронолошки е прикажан неговиот живот и кариера со 350 автентични експонати, а за посетителите особено се интересни музичкото студио и дневната соба, како и двете восочни фигури со неговот лик во природна големина;

- спомен паркот на градскиот езерски кеј во Охрид, посветен на 15 бугарски туристи кои се удавија во Охридското езеро на 5 септември 2009 година со потонувањето на бродот Илинден, кој секоја година е посетуван од роднините на загинатите туристи заради извршување на верски обреди;

- меморијалниот центар на холокаустот на Евреите во Република Македонија, сместен на просторот на некогашното еврејско маало во Скопје, отворен на 11 март 2011 година, во знак на сеќавање на 7 148 Евреи од Република Македонија кои на 11 март 1943 година биле транспортирани и егзекутирани во логорот Треблинка во Полска. Ова претставува четврти споменик во Светот посветен на жртвите на Холокаустот (после Јад Вашем во Ерусалим, Меморијалниот музеј во Вашингтон и Еврејскиот музеј во Берлин). Овој споменик зафаќа површина од 2 700 $м^2$ и претставува комплекс од 2 меѓусебно поврзани згради на 4 нивоа. Во него покрај изложените етнолошки и археолошки експонати од историјата и културата на Евреите и 40 лични предмети од убиените Евреи, поставени се 3 урни со нивната пепел, како и еден од многуте железнички вагони со кои Евреите биле транспортирани во логорот Треблинка. Во тој контекст, треба да се спомне и Државниот монопол (денес Тутунски комбинат) во Скопје, кој во тој период служел како привремен кнцентрационен логор во којшто биле собирани сите Евреи од целата територија на Република Македонија (поради неговата близина до железничката линија и погодност за понатамошен транспорт на Евреите) и чувани 14 дена пред да бидат транспортирани во логорот Треблинка.

Врз основа на претходно наведеното, може да се заклучи дека постои добра база за равој на овој нов и досега непознат вид на туризам во Република Македонија, но треба да се посвети внимание на креирање на неговата промоција и создавање на адекватна “dark” понуда во туристички цели.

## ЗАКЛУЧОК

Во Република Македонија постојат одредени места и атрактивности кои припаѓаат на да”dark” туристичката понуда и претставуваат добра основа за равој на дарк туризмот. Меѓутоа овие места и атрактивности никогаш досега не биле вклучени во специјално креирана понуда на “dark” туризмот, затоа што во Република Македонија досега не постоела и сѐуште не постои “dark” туристичка понуда и “dark” туризам, туку само понекогаш некои од овие “dark” туристички атракции случајно се вклучуваат во веќе постоечката туристичката понуда, затоа што се интересни за туристите кои посетуваат одреден локалитет или регион во Република Македонија. Може да се каже дека и понудата и побарувачката за “dark” туризам во Република Македонија досега се случајни и ненамерни (нецелесообразни), а во однос на “dark” туристичките атракции постојат “dark” почивалишта, “dark” светилишта и “dark” места на воени конфликти.

Сепак, главниот заклучок е дека постои добра база за равој на овој нов и досега непознат вид на туризам во Република Македонија, но треба да се посвети внимание на креирањето на неговата промоција и создавање на адекватна “dark” понуда во туристички цели.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Dimoska T., Kocevski J.*: Dark tourism attractions and experiences as a niche or alternative tourism* products, International Scientific Conference "Alternative issues for the development of contemporary tourism", Varna, june 2010

2. Lennon J. and Foley M.: *Dark Tourism – The Attraction of Death and Disaster*, Continuum, 2006

3. Scharpley R. and Stone P.R.: *The Darker Side of Travel: The Theory and Practice of Dark Tourism*, Channel View Publications, 2009

4. Stone Ph. R.: *Dark Tourism Consumption – A call for research*, e-Review of Tourism Research, Vol.3, No.5, 2005

5. Stone Ph. R.: *A dark tourism spectrum: Towards a typology of death and macabre related tourist sites, attractions and exhibitions*, Vol.54, No.2 / 2006

6. Tarlow E.P.: *Dark tourism – the appeling dark side of tourism and more*

7. Williams S.: *Tourism: New directions and alternative tourism*, 2004